Врз основа на член 24 став (1) алинеја 5, а во врска со членовите 79, 80 и 81 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 39/14), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 15.12.2014 донесе

# О Д Л У К А

## за изменување на Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подлежни на претходна регулација

### Член 1

Во Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подлежни на претходна регулација број 02-5015/1 од 23.09.2010 година, број 02-2010/2 од 15.04.2011 година и број 0307-1276/2 од 07.05.2014 година, во член 3 точка а) потточката 1 се менува и гласи:

"1. Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни корисници;"

Во точката б) потточката 10 се брише.

Потточките 11,12,13 и 14 стануваат потточки 10, 11, 12 и 13.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

### О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на членовите 79, 80 и 81 од Законот за електронските комуникации, Агенцијата за електронски комуникации изврши анализа на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на мало, Пазар бр. 1. Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација и на релевантните пазари за продажба на производи и услуги на големо, Пазар бр. 9. Терминални сегменти на изнајмени линии и Пазар бр. 10. Преносни сегменти на изнајмени линии.

Во финалниот документ од анализата на Пазар бр. 1. Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација, донесен под број 1302-1476/4 од 06.10.2014 година е утврдено дека е потребно да се направи измена на насловот на Пазарот број 1, односно истиот да гласи Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни корисници, заради усогласување со дефинициите утврдени во членот 3 од новиот Закон за електронските комуникации во кој што дотогашната дефиниција за јавна телефонска мрежа е заменета со дефиниција за јавна електронска комуникациска мрежа која ги опфаќа сите видови на мрежи независно од технологијата.

Во финалниот документ од анализата на Пазар бр.9 Терминални сегменти на изнајмени линии и Пазар бр. 10 Преносни сегменти на изнајмени линии, донесен под број 1302-1630/7 од 13.10.2014 година, во делот од документот кој се однесува на анализата на Пазар бр. 10 е утврдено дека врз основа на спроведениот три критериум тест на релевантниот пазар за преносни сегменти на

изнајмени линии овој пазар повеќе не е подложен на претходна регулација, односно дека истиот е ефикасно конкурентен.

Со оглед на сето ова погоре наведено, а врз основа на членот 24 став (1) алинеја 5 од Законот за електронските комуникации, директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе одлука како во диспозитивот.

Советник за работи од областа на правото
Лилјана Денковска

Советник за анализа на пазари
Владимир Ристевски

Директор
Роберт Орданоски

Наш број: 0201- 1476/7
Скопје, 15.12.2014 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ СКОПЈЕ